# Број 10
# 29.08.2024 година

Службен гласник на општина Делчево

Уредува

Излегува по потреба

Одделение за правни и општи работи

АВГУСТ 2024

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден 29.08. 2024 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на акти од 38.седница**
**на Советот на Општина Делчево**

I

Да се објават во „Сл.гласник на општина Делчево“, актите донесени на 38.седница одржана на **26.08.2024** година и тоа:

1. **Заклучок** за давање согласност на Годишен план за вработување на ОЈУДГ „Весели цветови“-Делчево за 2025 година ;

2. **Одлука** за утврдување на работното време на ОЈУДГ „Весели цветови“-Делчево;

3. **Одлука** за давање согласност на ОЈУДГ „Весели цветови“-Делчево за формирање групи со поголем број на деца ;

4. **Заклучок** за давање согласност на Годишна програма за работа на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево за учебната 2024/2025 година;

5. **Заклучок** за давање согласност на Годишен извештај за работата на ООУ „Внчо Прке“-Делчево за учебната 2023/2024 година;

6. **Заклучок** за давање согласност на Годишна програма за работа на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево за учебната 2024/2025 година;

7.**Одлука** за измена и дополнување на Одлуката за давање согласност на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево за формирање паралелки со помал број на ученици;

8. **Заклучок** за давање согласност на Годишен план за вработување на ЈЛБ „Илинден“-Делчево за 2025 година ;

9.**Заклучок** за давање согласност на Годишен извештај за работата на СОУ „М.М.Брицо“-Делчево за учебната 2023/2024 година ;

10. **Заклучок** за давање согласност на Годишна програма за работа на СОУ „М.М.Брицо“-Делчево за учебната 2024/2025 година;

11. **Заклучок** за давање согласност  на Годишен план за вработување на Општина Делчево за 2025 година со Предлог-Заклучок за давање согласнот;

12. **Заклучок** за давање согласност  на Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на општина Делчево за период 01.01.2024-30.06.2024;

13. **Одлука** за парична помош по барање УП 1 21-200 од 19.07.2024.

14. **Одлука** по барање 21-201 од 19.07.2024.

15. **Одлука**  за финансика поддршка.

16.**Програма** за дополнување на Програмата за урбанистички плланови на подрачјето на општина Делчево за 2024 година;

17.**Заклучок** за давање согласност  на Тромесечен  извештај за финансиското работење на ЈКП „Брегалница“-Делчево за прв квартал (01.01.2024-31.03.2024).

18. **Одлука** за парична помош по барање УП1 21-232 од 23.08.2024;

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Број 08- 1237/1**
**29.08.2024  год.**
**Делчево**

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
**Градоначалник,**
**Горан Трајковски,с.р.**

1. Врз основа на член 36 став 15 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Република Македонија“ бр.5/2002), член 20 -а и 20- б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.143/2019), Советот на Општина Делчево , на својата 38. редовна седница, одржана на ден 26.08. 2024 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за согласност на Годишен план за вработување**
**на ОЈУДГ „Весели Цветови“ Делчево за 2025 година**

1. Советот на Општина Делчево дава согласност на Годишниот план за вработување на ОЈУДГ „Весели Цветови“ Делчево за 2025 година бр.01-90/1 од 15.07.2024 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Делчево“.

Број 09-119 /1 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
26.08. 2024 година — Претседател,
Делчево — Гоце Попов,с,р,

2.Врз основа на член 67 став 6 од Законот за заштита на децата-Консолидиран текст јуни 2020 и член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), и Барање бр.03-12/3-1 од 15.08.2022 година, Советот на Општина Делчево на својата 38.редовна седница одржана на 26 .08.2024 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност за утврдување на**
**почетокот и завршетокот на работното време**
**во ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево**

Член 1

Советот на Општина Делчево дава согласност за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време во ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево за објект бр.2 , кој се наоѓа на ул. „Светозар Марковиќ“ бр.12 во кој се остварува Програма за целодневен престој на деца, се утврдува работното време од 05:00 до 18:00 часот, часот, при што прием и згрижување на деца ќе се врши од 6:00 до 16:30 часот.Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 09- 1198/1 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
26.08.2024 год. — Претседател,
Д е л ч е в о — Гоце Попов,с.р.

**3.** Врз основа на член 64 од Законот за заштита на децата („Сл.весник на РМ и РСМ" бр.23/2013,12/14,44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 27/16, 21/18, 198/18, 104/19 и 146/19) - Консолидиран текст јуни 2020) и Барањето на ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево бр.03-13/2 од 19.07.2024 година, Советот на Општина Делчево, на својата 38. редовна седница, одржана на ден 26.08. 2024 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност за формирање на групи со**
**поголем број на деца во ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево**

Член 1

Советот на Општина Делчево дава согласност за формирање на групи со поголем број на деца во ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево за воспитната 2024/2025 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. Гласник на Општина Делчево".

**Број 09- 1199 /1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**26.08. 2024 година** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Гоце Попов,с.р.**

**4.** Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево"15/2013,2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево, на својата 26. редовна седница, одржана на ден 26.08.2024 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**

**за усвојување на Годишната програма за работа на**

**ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево за учебната 2024/2025**

1. Се усвојува Годишната програма за работа на ООУ „Св.Климент Охридски "-Делчево за учебната 2024/2025 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 09- 1200 /1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**26.08. 2024 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Гоце Попов,с.р.**

**5.** Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“15/2013,2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево, на својата 38 .редовна седница, одржана на ден 26.08. 2024 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишниот извештај за работата на**
**ООУ „Ванчо Прке“-Делчево за учебната 2023/2024**

1. Се усвојува Годишниот извештај за работа на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево за учебната2023/2024 година.
2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Број 09- 1201 /1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**26.08. 2024 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Гоце Попов,с.р.**

**6.** Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“15/2013,2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево, на својата 38. редовна седница, одржана на ден 6.08.2024 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишната програма за работа на**
**ООУ „Ванчо Прке“-Делчево за учебната 2024/2025**

1. Се усвојува Годишната програма за работа на ООУ „Ванчо Прке “-Делчево за учебната 2024/2025 година.
2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Број 09- 1202 /1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**26.08. 2024 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Гоце Попов,с.р.**

7. Врз основа на член 53 став и 7 од Законот за основното образование- („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/2008; 33/2010; 116/2010; 156/2010; 18/2011; 42/2011, 51/2011; 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016,67/2017 и „Сл.весник на РСМ“ 161/19 и 229/20), член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013, 2/2019, 1/2021), Советот на Општина Делчево, на 38.седница, одржана на ден 26.08.2024 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За измена и дополнување на Одлуката за**
**давање согласност на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево**
**за формирање паралелки со помал број на ученици**

Член 1

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување во член 1 на Одлуката за давање согласност на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево за формирање паралелки со помал број на ученици , бр.09-954/1 од 01.07.2024 година, донесена од Советот на Општина Делчево на продолжението на 36.седница.

Имено во член 1 од Одлуката, во делот кој се однесува на **Подрачното Училиште во с.Ѕвегор се брише „1 паралелка во прво одделение“ и „1 паралелка во трето одделение„ и се дополнува со: „1 комбинирана паралелка од прво и трето одделение“.**

Член 2

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Бр.09-1203 / 1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**26.08. 2024 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Гоце Попов ,с.р.**

8. Врз основа на член 36 став 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 20 -а и 20- б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/2014, 199/14, 27/16, 35/18,198/2018 и „Сл.весник на РСМ“ бр.143/19 и 14/20 , а согласно член 32 од Законот за административните службеници (Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/2019, 14/20 и 215/21) ),Советот на Општина Делчево, на продолжението на 38. редовна седница, одржана на ден 26 .08. 2024 година , донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За недавање согласност на Годишен план за вработување на ЈЛБ „Илинден“-Делчево за 2025 година**

1. Советот на Општина Делчево не дава согласност на Годишниот план за вработување на **ЈЛБ „Илинден“-Делчево за 2025 година бр.02-24/3 од 09.08.2024** година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Делчево“.

**Број 09- 1204 /1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**26. 08.2024 година** **Претседател,**
**Делчево** **Гоце Попов,с.р.**

9. Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013,2/2019 и 1/2021 ), Советот на Општина Делчево, на својата 38.редовна седница, одржана на ден 26.08.2024 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишниот извштај за работа на СОУ „М.М.Брицо“-Делчево за учебната 2023/2024**

1. Се усвојува Годишниот извештај за работа на СОУ „М.М.Брицо“-Делчево за учебната 2023/2024 година;

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Број 09- 1205/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**26.08.2024 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Гоце Попов,с.р.**

10. Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“15/2013,2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево, на својата 38.редовна седница, одржана на ден 26.08. 2024 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Годишната програма**
**за воспитно-образовната работа на СОУ „М.М.Брицо“ Делчево**
**за учебната 2024/2025**

1. Се усвојува Годишната програма за воспитно-образовната работа на СОУ „М.М.Брицо“Делчево за учебната 2024/2025 година;

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Број 09- 1206 /1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**26.08.2024 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Гоце Попов,с.р.**

11. Врз основа на член 36 став 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 20-δ став 1 алинеја 3 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија бр.27/2014,199/14, 27/16, 35/18, 198/18, и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 143/19 и 14/2020) ,Советот на Општина Делчево, на својата 38. редовна седница, одржана на ден 26.08.2024 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За согласност на Годишниот план за вработување**
**на Општина Делчево за 2025 година**

**Член 1**

Советот на општина Делчево, дава согласност на Годишниот план за вработување на Општина Делчево за 2025 година со архивски број 19-1161/1 од 16.08.2024 година.

Член 2

Овој Заклучок влегува во сила осмиот (8) ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Делчево .

**Број 09-1207 /1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**26.08.2024 година** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Гоце Попов,с.р.**

**12.**Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на продолжението на 36. редовна седница, одржана на ден 01.07.2024 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Кварталниот извештај**
**за извршувањето на Буџетот на општина Делчево**
**за периодот 01.01.2024 до 30.06.2024**

1. Се усвојува Кварталниот извештај за извршувањето на Буџетот на општина Делчево за периодот 01.01.2024 до 30.06.2024.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Број 09- 1208/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**26.08. 2024 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Гоце Попов,с.р.**

13. Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ бр.5/2002) и Барање УП бр.21-200 од 19.07.2024 година, Советот на Општина Делчево на својата 38. седница, одржана на ден 26.08. 2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за парична помош по барање**
**бр.21-200 од 19.07.2024**

Член 1

*Се одобрува финансиски средства во износ од* ***10.000*** *денари по барање* УП бр.21-200 од 19.07. 2024.

Член 2

Средствата ќе бидат наменети за набавка на лекови на Горица Ѓорѓиевска од Делчево.

Член 3

Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на општината за 2024 година на име **Горица Ѓорѓиевска** ,на трансакциска сметка 300057023558525, Комерцијална Банка АД Скопје.

Член 4

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

Бр. 09 – 1209/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
26.08. 2024 година Претседател,
Делчево Гоце Попов,с.р.

14. Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ бр.5/2002) и Барање УП бр.21-201 од 19.07.2024 година, Советот на Општина Делчево на својата 38. седница, одржана на ден 26.08. 2024 година, донесе

О Д Л У К А
**за финансиска поддршка по барање**
**бр.21-201 од 19.07.2024**

Член 1

*Се одобрува финансиски средства во износ од* ***10.000*** *денари по барање* УП бр.21-201 од 19.07. 2024.

Член 2

Средствата ќе бидат наменети за промоција на музички албум „Потрага по блузот"на Дарко Тасевски од Делчево.

Член 3

Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на општината за 2024 година на име **Дарко Тасевски** ,на трансакциска сметка 200001522719863, Стопанска Банка АД Скопје.

Член 4

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

Бр. 09 –1210/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
26.08. 2024 година Претседател,
Делчево Гоце Попов,с.р.

15. Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ бр.5/2002) и Барање УП бр.21-230 од 19.08.2024 година, Советот на Општина Делчево на својата 38. седница, одржана на ден 26.08. 2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за финансиска поддршка**

Член 1

*Се одобрува финансиски средства во износ од 40.000 денари по барање* УП бр.21-230 од 19.08.2024.

Член 2

Средствата ќе бидат наменети за одржување на традиционалната манифестација „Зелкаријада 2024“ во с.Тработивиште.

Член 3

Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на општината за 2024 година на име ДРУШТВО ЗА ЗАЧУВУВАЊЕ НА КУЛТУРНИТЕ ВРЕДНОСТИ НА ПИЈАНЕЦ-ДЕЛЧЕВО“ ,на трансакциска сметка 240160118133314, Уни Банка АД Скопје.

Член 4

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

Бр. 09 –1211 /1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
26.08. 2024 година Претседател,
Делчево Гоце Попов ,с.р.

16.

Врз основа на член 40 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ( Сл. весник на РСМ бр.32/2020) и член 36 став 6 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.весник на РМ,, број 5/2002), Советот на Општина Делчево на својата 38.редовна седница одржана на ден 26.08. 2024 година, донесе

**Програма за дополнување на Програмата за изработка урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2024 година**

I. Во **Програмата за изработка урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2024 г бр. 09-2561/1 од 31.12.2023 година, се врши следната дополна:**

Во Глава Б ( Урбанистички проекти ) во точка 10 ( Донесување – одобрување на урбанистички проекти согласно член 58 и член 63 од законот за Урбанистичко планирање ), после подточката 10.33 се додава нова подточка :

***Подточка 10.34 која гласи : Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план - за намена Е1.13 Површински соларни и фотоволтаични централи со опфат на кп бр 961, 968, 965 967, 960, 1392, 1391,1,424,1425,1410,1411,1417 1412, 1402, 1420, 1393,1,403, 1394,1395,1398, 1390,1400,1401, 1399,1413,1408,1405 КО Очипала - Општина***

II. Програма за дополнување на Програмата за изработка урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2024 г одина, стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Делчево“.

**Број 09 –1212/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**26.08.2024 год.** **Претседател,**
**Делчево** **Гоце Попов,с.р.**

**17.** Врз основа на член 5 став 3 од Законот за јавни претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 9/97, 6/202, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016 и 64/2018) и член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 38.редовна седница, одржана на ден 26.08.2024 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Тримесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП „Брегалница“-Делчево за период 01.01.2024 -31.03.2024**

1.Се усвојува Тримесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП „Брегалница“-Делчево за периодот 01.01.2024 -31.03.2024 година, број 0102-256/1 од 02.07.2024 година, усвоен од страна на Управниот одбор на ЈКП „Брегалница“-Делчево .

2.Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 09- 1213 /1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
26.08.2024 година Претседател,
Д е л ч е в о Гоце Попов,с.р.

18. Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ бр.5/2002) и Барање УП бр.21-200 од 19.07.2024 година, Советот на Општина Делчево на својата 38. седница, одржана на ден 26.08. 2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за парична помош по барање**
**бр.21-232 од 23.08.2024**

Член 1

*Се одобрува финансиски средства во износ од* ***30.000*** *денари по барање* УП бр.21-232 од 23.08. 2024.

Член 2

Средствата ќе бидат наменети за санирање на штета на семејна куќа причинета од пожар.

Член 3

Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на општината за 2024 година на име **Петруш Орачки** ,на трансакциска сметка 200001974661196, Стопанска Банка АД Скопје.

Член 4

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

**Бр. 09 – 1214/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**26.08. 2024 година** **Претседател,**

**Делчево** **Гоце Попов,с.р.**